

# СТРАТЕГИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2030

***Финален нацрт – Март 2022***

**НАШАТА ВИЗИЈА Е**

**“КУМАНОВО, СОВРЕМЕНА МУЛТИКУЛТУРНА ЗАЕДНИЦА ВО КОЈА РОМИТЕ СЕ АКТИВНО ВКЛУЧЕНИ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ И СЕВКУПНИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА“**

**Подготвил: Марио Вељковиќ, МБА**

## Содржина

**ВОВЕД :** .......... 3

**ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2030 г. /чекори/:** .......... 4

**ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТОВ :** .......... Error! Bookmark not defined.

**ВИЗИЈА :** .......... Error! Bookmark not defined.

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ :** .......... Error! Bookmark not defined.

**ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ :** .......... Error! Bookmark not defined.

**СВОТ (SWOT) анализа :** .......... 9

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ :** .......... Error! Bookmark not defined.

**АКТИВНОСТИ , МЕРКИ , МОЖНИ ПРОЕКТИ :** .......... Error! Bookmark not defined.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ :** .......... Error! Bookmark not defined.

**БУЏЕТ:** .......... Error! Bookmark not defined.

**МЕРКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА:** .......... Error! Bookmark not defined.

**ЛИСТА НА КРЕАТОРИ НА ДОКУМЕНТОТ:** .......... 23

**АКЦИСКИ ПЛАН:** .......... **Error! Bookmark not defined.**

## ВОВЕД :

Стратегијата за Роми на Општина Куманово за периодот 2023 – 2030 г. е изработена како документ кој ја отсликува намерата на Општина Куманово за изедначување на степенот на вклученост и интеграција на сите етнички заедници кои во неа заеднички живеат, во современите општествени текови.

При тоа, Општина Куманово се води од желбата за подобрување на квалитетот на живот кај сите свои граѓани, но и од нејзините аспирации за интеграција и вклучување во актуелните европски иницијативи за социјална вклученост.

Тоа би значело и заокружување на стремежот пред кој сме исправени во насока на изградба на кохезивно општество кое се стреми кон континуиран економски и севкупен одржлив развој. Општина Куманово сака да развие општество во кое граѓаните независно на која етничка заедница и припаѓаат се чувствуваат безбедни и имаат еднакви можности за личен развој и напредок. Општество кое интегрира а не сегрегира. односно општество кое давајки им еднакви права и можности на сите, вклучува а не исклучува.

За да ги постигне овие високи цели Општина Куманово ги презеде обврските во врска со потребата од усогласувањето на своите политики со државните закони за кои постои потреба да бидат во согласност со законските регулативи и одреден број на политики на ЕУ.

Пандемијата со КОВИД19 наметна нови предизвици во делот на социјална инклузија како на национално така и на локално ниво, ги истакна на површина системските недостатоци во делот на домување, вработување и здравство, но и дополнително ги влоши позитивните промени кои беа достигнати во полето на образование. Дел од ромската заедница која се наоѓа на маргините на општеството е екстремно изложена на негативни здравствени и социоекономски влијанија кои се манифестираат со ограничен пристап до чиста вода, без основна санитарна инфраструктура, како и недостаток на капацитети и дигитални вештини на учениците да учествуваат во образованите текови. Дополнително, КОВИД19 пандемијата влијаеше на пазарот на трудот како во формалниот така и во неформалниот сектор при што невработеноста кај ромската заедница се зголеми и особено се одрази на зголемување на ризикот од сиромаштија.

Остварувањето на долгогодишната цел на нашата држава за влез во НАТО како и стремежот за целосно интегрирање во Европската унија, недвосмислено ја покажува определбата на како на Владата на Република Северна Македонија така и на локалните самоуправи во кои Ромите живеат во значителен број, за креирање на општество втемелено на идентични вредности како оние на Унијата и тоа почитување на човековите права, еднаквост, демократија, владеење на правото и функционална пазарна економија за сите граѓани.

Со подготовката како и превземањето на мерки за имплементација на овој документ во периодот 2023 – 2030 г. , очекуваме Ромите во Куманово да имаат целосна можност за реализација и интеграција како на лично ниво така и на ниво на етничка заедница, како граѓани со еднакви права и обврски како и сите други граѓани на општината.

## Општо за Куманово

Куманово е град на испреплетени култури, религии и традиции, спомени и соживот. Во него ќе прошетате по Уќумат-сокаги, една од најстарите улици (сегашна ул. 11 Октомври), ќе се сретнете со многу стари занаети, ќе пробате вкусна храна, ќе чуете многу легенди. Овде песната и шегата ќе ве пречекаат на секој чекор. Градот на познатиот шегобиец Батко Ѓорѓија, за кого ќе чуете од секого по нешто.

Сместено во североисточниот дел на Република Северна Македонија,на надморска височина од 340 метри, Куманово е лоцирано на самата раскрсница на двата најзначајни коридори во земјата( Коридор 8 – Коридор 10). По број на население, Куманово е најголема општина во Република Северна Македонија зафаќајќи површина од 509,48 км2. Одликите на умерено-континенталната клима преовладуваат низ сите годишни времиња. Градот на непокорот и револуцијата, Куманово денес претставува вистински мултиетнички центар.

## Демографија

Општина Куманово според територијалната поделба од август 2004 година, е најголема општина во Република Северна Македонија. Структурата на населението во Општина Куманово е хетерогена и тоа не само во градот, туку и во поголемиот дел на селските средини каде живее население од повеќе националности и етнички групи, разновидна  образовна, старосна и полова структура, со различни обичаи, вероисповед и навики, разновидни занимања и други карактеристики.

Куманово според пописот од 2021 има 98.104 жители, што е далеку помалку во споредба со пописот од 2002 година кога броело 105.484 жители. Според етничката структура во Куманово живеат 54.741 Македонци, 25.493 Албанци, 143 Турци и 2.795 Роми, 117 Власи, 6.392 Срби, 38 Бошњаци и 700 припадници на други националности или искажано во проценти, во Куманово живеат 55,8 % Македонци, 25,99 % Албанци, 0,15 % Турци, 2,85% Роми, 0,12 % Власи, 6,52 % Срби, 0,04 % Бошњаци и 0,71 % припадници на други етнички заедници. На подрачјето на Куманово има 30.450 домаќинства кои што живеат во 38.147 станбени единици.

Инаку, по прашањето за демографијата во Куманово и Кумановско, може да се констатира дека демографската структура на населението е значаен показател на динамиката за развој на популацијата, односно важен елемент за развиток на одделни предели. Природно-географските одлики овозможиле кумановскиот крај да биде населен уште во предисториско време, за жто сведочат повеќе наоѓалишта од тој период. Доаѓањето на Словените во VI век на Балканот и во овие краишта, дадоа основен белег на составот на населението, а пак навлегувањето на турците во XIV век и нивното петвековно задржување, имало свој одраз на структурата на населението. Посебно во делот на исламизација на христијанското население, односно населување на испразнетите македонски простори со исламско население од други поднебја. Оттука и

повеќеслојниот етнички колорит во кумановскиот крај, кој главно се формира кон крајот на XIX век. По сочуваните пописи на населението од 1900 година во Куманово и кумановско се регистрираат: македонци, срби, албанци, турци, роми, татари, черкези, грци, евреи итн.
По Српско-турските војни од 1876/78 година во Куманово се доселуваат околу 3000 дојденци од српските простори, т.н. Муаџири, што имало силно влијание врз етничката структура на населението во градот, односно неговиот севкупен растеж и развој. Расположливата статистичка евиденција овозможува поконкретно следење на населението во кумановскиот крај од 1900 година до денес.

## Географски карактеристики

Куманово и околината што гравитира кон него, се наоѓа во северниот дел на Република Северна Македонија. Оваа територија, најсеверните делови ги има северно од Козјак, во атарот на с.Мглинце, во долината на Мала Река, а најјужната се наоѓа во атарот на с. Живиње. Од најсеверниот до најјужниот дел во Кумановско, растојанието изнесува 43 км воздушна линија, а во правец исток-запад растојанието е 50,4 км. Кумановскиот крај од соседните области е одделен со делови на стари грамадни планини. На запад се издигаат огранците на Скопска Црна Гора, кои во овој крај се познати под името Карадак. На север се наоѓаат падините на Руен, додека падините на планината Козјак се спуштаат кон трговишка област. На исток е планината Герман со Славишката котлина, додека од јужната и југоисточна страна се ридестите терени на Градишка Планина со која брановидното Кумановско Поле е одделено од Скопската Котлина и Овче Поле. Кумановскиот крај (старата општина Куманово) во чии рамки денес егзистираат пет единици на локална самоуправа ( Куманово, Старо Нагоричане, Липково, Орашац и Клечовце) зафаќаат површина од 1212 километри квадратни, што претставува 4,71% од територијата на република Северна Макеодниja. Во наведениот простор се распостелале 110 населени места, главно населени со етнички хетерогено население.

Во минатото низ оваа област минувале значајни патишта преку кои се воспоставувале врски помеѓу областите околу Јадранското Море со оние околу Егејското и Црното Море. Денес за Кумановскиот крај најголемо значење има Моравско-Вардарската Долина по која минува железничката линија изградена во 1800 година, како и асфалтен пат кој јужно од Куманово е современ автопат. Во напореден правец се користат два правца: едниот преку Крива Паланка кон соседна Бугарија и Турција, додека другиот, оди на југоисток, преку Овче Поле ги одржува врските со населените места во Источна Република Северна Македонија.

Геолошката градба на Кумановско е разновидна, со различна старост и припаѓа, главно, на две зони: Вардарската и Родопската. Планините главно припаѓаат на Родопската маса која се смета за постара. Во овој дел спаѓаат планините Скопска Црна Гора, Руен и Козјак. Западно од Куманово се протегаат огранците на Скопска Црна Гора на која се наоѓа највисокиот врв во областа, Рамно со 1651 метар. Во северниот дел од областа се протегаат делови од планината Руен, која со поголем дел се наоѓа во Србија. Источно од Руен е средновисоката планина Козјак, позната од поновата историја по повеќето борби од НОБ, како и по одржаното историско Прво заседание за АСНОМ, на 2 август 1944 година, во манастирот “Св.Отец Прохор Пчињски”. Планината Козјак главно се протега помеѓу двете најголеми реки во оваа област, Пчиња и Крива река. Бислимската

Клисура на реката Пчиња е место кое изобилува со природна убавина. Поради цврстината на карпите кои ги пресекува, клисурата на одредени места има изглед на кањон, со голем број на пештери по каменливите страни.

Освен споменатите две реки, во Кумановската област се среќаваат и подземни води, извори на минерална вода, како и вештачки акумулации. Освен реките Пчиња и Крива Река, позначајни реки во овој крај се Кумановска Река, која настанува од Липковска и Којнарска Река, потоа Слупчанска, Отљанска и Матејачка Река. Во Липковскиот реон, на Липковската река се изградени две акумулации: Липковската бетонска лачна брана, изградена во 1958 година, висока 37 метри со површина од 0,40 км2 а акумулацијата Глажња, исто така бетонска лачна рана, изградена во 1971 година, висока 80 метри, долга 344метри, со езеро кое зафаќа површина од 0,97 квадратни километри.

Во Кумановскиот крај има неколку извори на минерална вода. Најпознати се оние кај селото Проевце, потоа во Липково, кај с. Стрновац, во Клечовце и други. Засега лековитите води од овие извори единствено се искористени во с.Проевце, со Кумановската Бања и експлоатација на минералните води во с.Проевце и Клечовце. Температурата на водата на Проевските извори изнесува 28 степени.

Природните богатства во Кумановско се разновидни. Освен водите, карактеристично е богатството со плодни почви, разновиден растителен свет и наоѓалишта на метални и неметални руди. Од металните наоѓалишта познато е антимонско-арсенско наоѓалиште кај с.Лојане, додека од неметалните, се базалтните и глинените резерви кај с. Младо Нагоричане. Кај с. Липково се користат травертините,а кај с.Бељаковце се наоѓалиштата на опалска бреча, односно мермер кај Вуксан.

Од покарактеристичните климатски услови на Кумановскиот крај се издвојуваат неколку. Најниската температура забележана во Куманово и Кумановско изнесува -24 степени С, измерена на 27 јануари 1954 година, а највисока +40 степени С на 22 август 1952 година.

Просечната годишна количина на врнежи изнесува 549,3 мм на квадратен метар. Најчест ветар кој дува на овие простори е северниот, а по него северозападниот. Северниот е најчесто во јануари, јуни и јули, а северозападниот е најчест од мај до октомври. Просечно годишно осончување во Куманово е 2200 часови.

**Профил на ромската заедница во Куманово**

Ромската популација во општината Куманово според пописот од 2021 година брои 2.795 жители , пред се населени во Градот Куманово и тоа во населените Места „Средорек“ (која претставува чиста Ромска средина со евидентирани повеќе од 600 стамбени објекти и над 1300 жители Роми ), а останатото Ромско население е населено во населените места : „Перо Чичо“ , „Бавчи“ , „Стари Лозја“ , „Бедиње“ , „Пармакови Ниви“ и во Централното Градско подрачје.  Голем дел од нив се соочува со низа нерешени проблеми од областите на:  непланска градба, нерешена инфраструктура , живеење во субстандардни услови за живеење и нерегулирани имотно правни односи.  За тоа се земени постоечките аргументи и тоа , за населеното место Средорек која според постоечките Урбанистички Планови (ГУП) е лоцирана во зелено прометна површина и сите објекти во тој опфат (неколку хектари)  се бесправно изградени, што е вистински показател за проблемите од областа на домување. Дел од горе

споменатите населби сеуште се соочуваат со проблеми и од инфраструктурен карактер и тоа : нерешени улични пристапи отворени атмосферски канали, нецелосна и несоодветна опфатеност со водоводна мрежа (Регистрирани се семејства кои користат вода за пиење од бунари), одводна канализација и нецелосна опфатеност со водоводна мрежа , одводна канализација (се уште во централното градско подрачје има семејства кој користат септички јами) и отпадни води , неквалитетно енергетско напојување, недоволен број на телефонски приклучоци и непокриеност со улично осветлување. Не е мал и бројот на евидентирани нестандардни објекти , руинирани , со стара или несоодветна електрична инсталација. Истите претставуваат вистинска закана од аспект на пожари , рушење (делумно или целосно) .

Имајќи ги предвид новите законски регулативи за задолжително образование, некои системски проблеми се надминати но за жал законските одредби не се лесно применливи за поголем дел на семејства од Ромска популација.

Како основни причини за малиот одзив на Ромите во образованието се смета ниската свест на родителите за потребите од образованието, а особено се истакнува и нивниот лош социјален статус . Големиот процент на невработеност или лоши услови за домување, дисфункционални семејства и сл., се исто така причини за постоење на голем процент на необразовани роми во Општината Куманово или забележан раст на деца кои го напуштаат образовниот процес. Исто така нереалното декларирање на образованието како бесплатно се тангира како посериозен проблем. Според податоците на Секторот за образование, во учебната 2021/2022 година , во основното и средното образование во Општина Куманово, образованата настава ја посетуваат 453 ученици од Ромската заедница, од кои 59 во средните училишта, а 394 во основните. Во учебната 2020/2021 година во националната структура на наставниот кадар и во основните и во средните училишта има мал и недоволен број наставници – Роми. За националната структура на административниот и техничкиот персонал немаме податоци.

Во општина Куманово, кога станува збор за ромската популација околу нивното вработување има повеќе проблеми на кои треба да се обрати внимание. Врз основа на статистичките податоци од Агенцијата за вработување на РМ во периодот на Март 2023 година евидентирани се 851 Роми, од кои 412 се жени 439 мажи.

Во општината Куманово, кога станува збор за ромската популација околу нивното вработување има повеќе проблеми на кои треба да се обрне внимание. Од нив најзабележителни се недоволната информираност на Ромската популација за популарните мерки на Владата на РМ за вработување , но и големиот недостаток на интерес на невработени, работоспособни лица евидентирани во Агенцијата за вработување – за своите права и обврски кои произлегуваат од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Регистрирани се и проблеми кои произлегуваат од нискиот степен на образование на Ромите, но и од постоење на предрасуди и дискриминација од страна на дел од бизнис секторот за вработување на Ромската популација во малите и средните претпријатија. Клучен сегмент во реализација на формализирање на мали или семејсни бизниси од страна на Ромите е поврзана од од нивниот социо – економска положба која исто така е пречка за нивната кредитна неспособност. Во оваа сфера треба да се истакне и несоодветната правична застапеност на Ромите при вработување во државните институции – согласно одредбите од Рамковниот договор. Постои и отсуство на претприемачки дух кај Ромската етничка заедница, односно не постои свест за размислување за сопствен ангажман во мали и средни претпријатија. Постојат бројни примери на млади Роми кои стапуваат во брачна и

вонбрачна заедница прерано , а жената ромка преферира да се одлучи на непланско раѓање на повеќе деца од што и произлегуваат проблеми за нејзина салаба заинтересираност за вработување. Според одредени евиденции од корисници на социјална парична помош во Општина Куманово во 2022 година евидентирани 12262 членови во 453 Ромски домаќинства. Од истите податоци од 2022 , евидентирани се и Роми корисници на Социјална парична помош и тоа 557 корисници на детски додаток, 36 лица на посебен додаток и еднократна парична помош за новороденчиња 78.

На горе наведеното се надоврзуваат и проблемите од здравството, кое евидентира исто така голем број на проблеми кои претежно бараат посистематски пристап на решавање . Имено во оваа област Ромите покажуваат одредена специфичност и се разликуваат од генералната слика за здравствена заштита на национално ниво. Сето тоа се должи на лошите услови на живеење, недоволно или немање на никакво образование, недостапност на здравствена заштита посебно за социјалните случаи , недоволна хигиена и слично. Сите овие фактори придонесуваат во оваа заедница да бидат регистрирани потреби кои ќе бидат насочени кон зголемување на едукацијата , здравствената свест и упатеност во однос на користење на здравствената заштита како превентивна мерка за спречување на заразни болести или намалување на ризици посебно кај помладата Ромска популација. Проблемите за редовна вакцинација се уште се присутни, со тоа што во евиденцијата  на Здравствениот Дом од Куманово во 2022 година евидентирани се 54  деца од кои редовно примиле вакцина 4 , а 18 се не редовни и 11 деца не се пронајдени а се во евиденција и едно дете е иселено од државата ,деца се починати, а според евиденцијата во 2022 година. Во оваа проблематика , посебно провејува проблемот на деца иселени во странство така што статистиката од 2007 до 2010 година покрај редовните деца евидентира и ?? кои заминале надвор од границите на државата и ?? деца се непронајдени.Од областа на гиникологијата од страна на одделот при Медицинскиот Центар во Куманово се издвојуваат посебно проблемите кај адолесцентните трудници,  кои поради нередовна гиниколошка контрола се соочуваат со ризици, предвреме да го изгубат плодот , а тоа создава во одредени случаии и посериозни проблеми во понатамошниот развој на Ромските девојчиња. Од 846 пороѓаи во Куманово годишно, 64 од мајките се жени Ромки.

Ромската култура и традиција се богати и специфични. Голем дел од роското и не ромското население во куманово истите не ги познава. Непознавањето на културата на Ромите предизвикува проблеми како кај самите Роми а неретко и остантите етнички заедници настапуваат кон нив со предрасуди и стереотипи. Постои и појава на дискриминација на Ромите како во дел од образовните институции така и на други места и прилики.

Сепак Ромите во Куманово се важен чинител на градското живеење, и покрај тоа што имаат одредени проблеми, еден дел од нив активно учествува и дава придонес во опшествениот живот во нивниот роден град Куманово.

**Методологија за подготовка на документов**

Во периодот Декември 2022 – Март 2023г., при креирањето на овој документ е имплементиран процес базиран на методологијата позната како Партиципативно стратешко планирање кое во својата основа претставува демократски процес за:

1. Утврдување на почетните состојби и потребите на граѓаните;
2. Креирање на визија;
3. Креирање стратегија /пристап за достигнување на посакуваната иднина на една организација, институција или локална зедница (општина);

Во документот се опфатени 5 области кои претсавуваат особен интерес за Ромите, во кои е препознаена потреба од итно делување. Тоа се:

- Образованието
- Здравството
- Домувањето
- Вработувањето и
- Културата

Во подготовката на документот беа вклучени претставници на сите целни групи и заинтерсирани страни од областите на делување, кои од свој аспект дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги представува и вклучува потребите и предлозите на засегнатите страни.

Со имплементацијата на Стратегијата за Роми на Општина Куманово за периодот 2023 – 2030 г ќе се придонесе кон намлување на исклученоста на Ромите  пред се, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на општината во целост. Самиот документ содржи три главни точки, откривајќи логичен редослед на процесот на стратешкото планирање односно: дијагноза > евалуација > прогноза. Во оваа смисла, покрај воведот, основата за креирање и имплементираната методологија, документов ја има следнава структура:

1. Анализа на тековната ситуација посочена во профилот на ромската заедница во Куманово како и во секцијата Проблеми и потреби;
2. SWOT Анализа;
3. Стратегија со дефинирани:
   - Стратешки приоритети, Стратешки цели и Програмски цели;
   - Активности, Можни мерки и проекти
   - Очекувани резултати и индикатори
4. Буџет (проекција, отворена финансиска конструкција со посочени очекувани извори)
5. Акциски план за имплементација на стратегијата во таблерна форма со структура: Програмска цел, Активност, Очекуван резултат, Индикатор, Рок, Можен имплементатор, Буџет

Шемата на методологијата на работа на овој стратешки документ се базира на стандардна концептуална рамка на стратешко планирање и ги вклучува следните главни функционални фази и активности:

- Прибирање информации;
- Анализа на информации;
- Дефинирање на стратешка рамка, визија, приоритети и стратешки цели и
- Создавање на акциски план;

При изработка на овој документ, работната група, ги имаше предвид сите јавно достапни информаци, пред се на официјалната страна на Општина Куманово, како и досегашни плански документи на Општината во повеќе области. Покрај ова, како важен ресурс беа искористени национални документи и информации за Ромите и ромската заедница достапни на веб страната на МТСП ( Министерството за труд и социјална политика).

## ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2030 г. /чекори/

### Чекор 1, СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА

Одделението за стратешко планирање, креирање на политики и следење на ЛЕР спроведе партиципативен и отворен процес што вклучуваше активности кои беа насочени кон формирање на тим кој ке биде активен учесник но и главен креатор како на стратегијата, така и на Акцискиот план преку кој истата ќе се имплентира. Членови на овој тим беа ?? лица и во истиот беа вклучени Советници /челенови на советот на општината/, вработени во општинската администрација, претставници на релевантни институции кои постојат и делуваат во Куманово, претставници на локални и регионални граѓански здруженија и невладини организации, сите кои беа дел од одделението за ЛЕР како и Надворешниот Стручен Консултант.

### Чекор 2, ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ

За да се развијат комплетно Стратегијата за Роми на Општина Куманово за периодот 2023 – 2030 г вклучително и Акцискиот план за имплементација на истата, Одделението за стратешко планирање, креирање на политики и следење на ЛЕР организираше 5 работилници и една презнтација. 4 од работилниците беа организирани во месец декември 2022 година. Како основа за создавање на стратегијата беа искористени повеќе веќе постоечки и достапни за општината документи, податоци и информации. Притоа беа креирани основата за првиот нацрт на документот, основата за акцискиот план, првиот нацрт, беа презентирани и пленарно ревидирани првите нацрти на стратегијата и акцискиот план. Тимот за креирање на стратегијата предводен од тимот на Одделението за стратешко планирање, креирање на политики и следење на ЛЕР и Стручниот Консултант беше изразено ефективен и ефикасен и успешно ги одреди првичните верзии на Визијата, Обпастите на делување, Приоритетите, Стратешките и Оперативните програмски цели, вклучително Клучните активности, а делумно и рокови. Во рамки на процесот се одредија и очекуваните резултати и потенцијалните показатели на успех /индикатори. Буџетот на стратегијата како неизиставен дел од акцискиот план ќе биде дополнително развиен од страна на релевантните структури на општина Куманово кои се надлежни за финансиското планирање и подготовка на општинските опративни програми. Беше направена и СВОТ /SWOT/ анализа на во однос на секоја од 5-те области на делување.

Резултатите од оваа анализа се експлицитно представени во документов и истите се земени предвид. Дел од првичните размислувања и идеи на основа на оваа анализа беа иземени од страна на креаторите на документов.

**Чекор 3, ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ**

После реализацијата на првите 4 работилници, врз основа на резултатите од истите, Стручниот Консултант го разви првиот нацрт кој на работниот тим за креирање на стратегијата му беше представен на петтата работилница на која креаторите дадоа придонес кон финализирањето како на стратегијата така и на акцискиот план за имплементација на Стратегијата.

**Чекор 4, РЕВИЗИЈА И  ФИНАЛИЗАЦИЈА НА НАЦРТ**

После првичната презентација и деталното ревидирање на првиот нацрт од страна на институциите, јавноста и организациите, Стручниот Консултант го финализираше документот Стратегијата за Роми на Општина Куманово за периодот 2023 – 2030 г и Акцискиот план за имплементација на истата. Документите му беа доставени на Одделението за стратешко планирање, креирање на политики и следење на ЛЕР на оштина Куманово кое понатаму е одговорно за иницирање на процес на јавна промоција како и официјално усвојување на истите од страна на Советот на Куманово.

## ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТОВ

Како што е наведено во Националната стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030 во Република Северна Македонија, водејќи се од заложбите кои произлегуваат од Познанската декларација за земјите од Западен Балкан за интеграција на Роми во рамките на Берлинскиот процес на проширување на ЕУ, како и заклучоците од средбата на министрите за инклузија на Роми во 2020, Република Северна Македонија пристапи кон изработка на нова национална Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030 по насоките дадени во Стратешка Рамка на ЕУ за Ромите. Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030 во Република Северна Македонија е дел од јавните политики на Република Северна Македонија за изедначување на степенот на вклученост и интеграција на ромската заедница со сите етнички заедници. Инвестирањето во развојот на ромската заедница има долгорочни придобивки, во поглед на подобрувањето на социјалната кохезија и економскиот статус за Ромите на долгорочен план. Дополнително, инклузијата на Ромите во општеството ќе се одрази позитивно и на постигнувањето на одржливите развојни цели на Организацијата на Обединетите Нации, како и позитивни оценки во делот на поглавјето 23 кое се однесува на унапредување на полето правосудство и човекови права.

На Европско ниво, евалуацијата на стратегиите за Роми на земјите од Европската Унија за периодот 2011 - 2017 и податоците од агенцијата за фундаментални права на ЕУ во 2011, 2016 и 2019 година, покажуваат дека севкупниот напредок во интеграцијата на Ромите е ограничен, иако постојат значителни разлики во областите на политиката и земјите. Имајќи ги предвид резултатите од евалуацијата, Европската комисија на 7 октомври 2020 година усвои нова 10- годишна „Стратешка рамка на ЕУ за еднаквост, вклучување и учество на Ромите“4 (2021-2030), која беше поддржана од партнерите од Западен Балкан на министерскиот состанок на 27 октомври во Република Албанија.

Во член 48 од Уставот на Република Северна Македонија, поставени се темелните вредности на културните права кои се однесуваат на презервацијата и промоцијата на културниот идентитет на заедниците кои живеат во државата. Промоцијата на културата може да се перципира како инструмент за афирмирање на идентитетот на ромската заедница, но и како инструмент за промоција на интеретничка комуникација и интеграција на Ромите во општеството.

За социјалната инклузија и интеграција на поединците и етничките заедници во општеството неспорно е дека степенот на познавањето на различноста, културата и традициите пропорционално придонесува за превенцијата и намалувањето на предрасудите и стереотипите кон сожителите кои се од другите етнички заедници независно од тоа дали тие се мнозински или малцински. На културата треба да се гледа и како на

фактор за понатамошна еманципација на ромската заедница, и затоа таа треба да биде во согласност со напорите кои се прават во образовниот систем.

Културната димензија е нераскинливо поврзана и со употребата на мајчиниот јазик, која наоѓа своја примена во доменот на образованието. Воедно, преку планиран и системски развој и промоција на ромската култура, се остварува и поголема партиципација и интеграција на Ромите во главните текови на македонското општество.

Согласно претходно посоченото, секоја општина во Република Северна Македонија во која што Ромите живеат во значителен број има обврска да подготви и да имплементира општинска стратегија за инклузија на Ромите.

## ВИЗИЈА

**“КУМАНОВО, СОВРЕМЕНА МУЛТИКУЛТУРНА ЗАЕДНИЦА ВО КОЈА РОМИТЕ СЕ АКТИВНО ВКЛУЧЕНИ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ И СЕВКУПНИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА“**

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. ***Целосна урбаниција на населбите во кои доминантно е застапено Ромското население во Општина Куманово до крајот на 2030 година.***

2. ***Да се зголеми бројот на вработени Роми за 20% до крајот на 2030 година.***

3. ***Значително да се зголеми бројот на високо образовани Роми како  и бројот на Роми со завршено средно образование до крајот на 2030 година, како основен педуслов за нивна целосна социјална инклузија во Куманово.***

4. ***Целосен опфат на Ромските деца во Куманово во ситемот на основното и средното образование.***

5. ***Да се подобри здравствениот статус на Ромите во Куманово до крајот на 2030 година.***

6. ***Да се интензивира промоцијата и презентацијата на културата на Ромите како основен предуслов за намалување и елиминација дискриминацијата на Ромската заедница во Куманово до крајот на 2030 година.***

## ( СОСТОЈБИ ) ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### ***Домување***

1. **Населбите Средорек , Бавчи и Пармакови ниви не се урбанизирани**
2. **Помеѓу 70% - 80% од објектите во населбите Средорек, Бавчи и Бараки/Перо Чичо, се нелегални**
3. **Голем дел од младата ромска популација во општина Куманово имаат нерешено станбено прашање и живеат под кирија.**
4. **Субстандардни услови на живеење кај најмалку 60% од ромската популација**
5. **Не постои систем на управување со комуналниот отпад во населбите каде што доминантно живее ромско население**
6. **Значителен број на Роми работат како неформални собирачи на отпад**
7. **Значителен број на домови во ромските населби не се нумерирани односно за истите не постојат адресни податоци**

### ***Вработување***

1. **Голем број на невработени Роми**
2. **Несоодветна правична застапеност на Ромите при вработување во државните институции (согласно со Рамковниот Договор ) и институции под надлежност на Локалната самоуправа**
3. **Низок степен на образование – пречка за вработување**
4. **Неинформираност на Ромите за активните мерки за самовработување**
5. **Мал број Роми кои работат на тезги (Пазар) се заинтересирани за формализирање на нивните бизниси**
6. **Предрасуди и недоверба помеѓу бизнис секторот и дел од невработените Роми .**
7. **Голем број на Роми немаат можности за подигање на кредити**

### ***Образование***

**Предучилишно образование**

1. **Мал број на ромски деца во предучилишните установи**
2. **Непознавање на Македонскиот јазик за вклучување во системот на образование**
3. **Немање на потребна документација за упис**
4. **Недостаток на просторни услови /училници и објекти/ за инклузија на ромските деца во предучилишните установи**
5. **Ниско образовно ниво на родителите и неможност на пружање на помош за образовни потреби**

**Основно образование**

**1. Нееднаков квалитет на знаења**
- *Нееднакви предзнаења при влез во основното училиште*
- *Непознавање на Македонскиот јазик (терминологија )*
- *Неможност на родителите да им помогнат на децата во учењето на материјалот*
- *Немање на просторни услови за нормално учење*

**2. Недоволна вклученост на родителите во образовниот процес на своите деца**

**3. Напуштање на наставата во основните училишта од страна на Ромските деца поради:**
- *Лоша социо-економска состојба*
- *Недоволна соработка родители- училиште – ученик*
- *Непознавање на различностите на културите*
- *Нееднаков пристап на релација наставник – ученик*
- *Недоволна развиена свест за значењето на образованието кај родителите*
- *Непочитување на територијалната организација (која е застарена до степен на неефктивност) на образовните институции при упис на учениците*

**4. Многу мал број на запишани ученици Роми го завршуваат оновното образование во предвидениот рок**

**5. Одреден број на деца Роми без било каква попреченост во развојот се запишуваат во паралелки за деца со посебни потреби**

**Средно образование**

1. **Мал број ученици Роми го завршуваат средното образование поради малолетнички бракови, сезонски работи и др.**
2. **Евидентирани се извесни форми на стереотипи и предрасуди поради непознавање на Ромската култура и традиција од страна наставниците и учениците од останатите националности**
3. **Постои потреба од стипендирање на учениците Роми заради успешно и редовно комплетирање на средното образование**

**Високо образование**

1. **Мал број на завршени средношколци Роми од Куманово се запишуваат на Факултет**
2. **Постои потреба од стипендирање на учениците Роми заради успешно и редовно комплетирање на високото образование**

**Образование за возрасни**

1. **Голем број на неписмени Роми**
2. **Немање на официјална база на податоци за бројот на неписмени Роми**
3. **Слаба информираност , интерес и мотивација за докомплетирање на основно и средно образование**
4. **Голем број на Роми со неоформено основно или средно образование**
5. **Непостоење на образовни институции во Општина Куманово кои се формирани/лиценцирани за образование на возрасни**

***Здравство***

1. **Голем број граѓани од Ромската заедница не ги познават своите права и можности што ги нуди системот за здравствена заштита на РМ**
2. **Одреден број граѓани од Ромската заедница намаат регулирано лична и здравствена документација**
3. **Значителен број на деца Роми не се редовни при имунизација.**
4. **Во Куманово не постои база на податоци за вкупниот број на Роми кои имаат право и обврска на задолжителна имунизација**
5. **Нередовни гинеколошки прегледи на жената Ромка**
6. **Голем број на млади Роми се експонирани на сексуално преносливи болести и болести на зависности**

***Култура***

1. **Недоволно познавање и информираност за културата и традицијата на Ромите од страна на останатите етнички заедници во Куманово што резултира со манифестација на предрасуди и стереотипи кон Ромската заедница**
2. **Недоволна промоција на Ромската култура и традиција во однос на ромската кујна, книжевност и друго културно богатство како најсилна форма за влијание кон намалување на дискриминацијата на Ромите**
3. **Недостаток на Ромски медиуми во Куманово**
4. **Низок степен на координација при организација на настани за промоција на културата и традицијата на Ромите во Куманово**
5. **Недоволен број на клубови, секции и групи за промоција на културата и традицијата на Ромите во Куманово**
6. **Недоволен број на настани и иницијативи за промоција на културата и традицијата на Ромите во Куманово**

## СВОТ (SWOT) анализа

СВОТ / SWOT анализата е алатка што се користи во процеси за стратешко планирање заради донесување на правилни одлуки. Целта на СВОТ / SWOT анализата е да се идентификуваат постојните ВНАТРЕШНИ Силни страни и Слабости на Општина Куманово во однос на сите 5 претходно претставени предметни области, како и да се создаде јасна визија за НАДВОРЕШНИТЕ Можности и Закани карактеристични за ситуацијата. За време на реализација на работилниците во декември 2022, работната група за креирање на документов направи СВОТ анализа за сите 5 области. Резултатите од оваа анализа се поместени и претставени подолу во оваа секција од документов.

Според направената анализа може да се констатира дека постојат реални можности и соодветни локални капацитети за имплементација на најголемиот дел односно скоро целосна имплементација на документов во предвидениот рок во сите 5 области.

### ***Домување***

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| -Постои стручен кадар;<br>-Постојат институции (јавни претпријатија);<br>-Постои соодветна законска урбанистичка процедура за носење на ДУП;<br>-Постои програма (Комунален ред) која предвидува интервенции во подобрување на управувњето со цврст и комунален отпад во Куманово; | -Недоволна меѓу-институционална соработка;<br>-Недоволна промоција на можности;<br>-Гетоизирани Росмки населби<br>-Неурбанизирани населби / населби без урбана опрема<br>-Нерегулиран имотно правен статус на голем број на семејства од Ромска популација<br>-Значителен број на субстандардни живеалишта |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |

| | |
|---|---|
| -Постојат иницијативи и државна поддршка за подобрување на домувањето на Ромите;<br>-Постојат можности за меѓународна поддршка на урбанизација на населби во кои што доминира ромската популација;<br>-Постојат државни фондови за подобрување на квалитетот на домувањето на Ромите; | -Неповолна социо-економска состојба во државата;<br>-Значителен број на сиромашни ромски семејства;<br>-Низок степен на култура и заинтересираност за живеење во колективни станбени згради кај голем дел од ромската популација;<br>-Тенденција на појави на нови гетоизирани Ромски населби |

***Вработување***

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| -Постои стручен кадар;<br>-Постојат институции (АВРМ, ЦСР);<br>-Постои Занаетчиска комора;<br>-Постио Локален економско-социјален совет ЛЕСС во општината;<br>-Општината има стратешки документи за Локален економски развој;<br>-Постои ТИРЗ Куманово; | -Недоволна меѓу-институционална соработка;<br>-Недоволна промоција на можности; |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| -Постојат државни иницијативи и мерки за вработување;<br>-Постојат државни иницијативи и мерки за само-вработување;<br>-Постојат програми за преквалификација и доквалификација;<br>-Постојат програми за вработување на млади; | -Низок степен на образование кај Ромите;<br>-Низок степен на конкурентност на Ромите на пазарот на труд;<br>-Слаб интерес за вработување на Роми  корисници на државна парична помош; |

***Образование***

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| -Училиштата имаат капацитети (материјално-технички, кадровски и др.)<br>-Институциите имаат база на податоци за ученици и родители;<br>-Невладините организации кои работат на оваа проблематика;<br>-Има основни, средни училште и факултети; | -Недоволна меѓу-институционална соработка;<br>-Социјално загрозени семејство;<br>-Несредени и непрецизни податоци за живеалишта;<br>-Појава на незапшани Роми;<br>-Немање инспекциски надзор на институции на терен; |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| -Постоење државни фондови за социјална инклузија и образование;<br>-Постоење на законска регулатива;<br>-Користење на податоци од институции;<br>-Постоење на државни стратегии и активности;<br>-Избор на други училишта (Учениците Роми најмногу се сконцентрирани во 2 училишта) а во градот има уште 4 основни училишта; | -Иселување и немање податоци за иселени деца;<br>-Давање на лажни податоци од родители;<br>-Слаба соработка на ромското население;<br>-Избегнување/непочитување на законска регулатива.<br>-Затворени средини-слабо комуникативни;<br>-Традиција(жени домаќинки, невработеност, рано склучување на брак) |

***Здравство***

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Стручен кадар (здравствени работници);<br>- Болница;<br>- Селска амбуланта;<br>- Месна заедница;<br>- Уредба за редовна вакцинација;<br>- Теренска работа на патронажни сестри; | - Немање лекарски кадар во село;<br>- Селските амбуланти се во лоша состојба; |
| • МОЖНОСТИ | • ЗАКАНИ |
| - Државата организира МЗ организира теренска вакцинација;<br>- Државата поддржува теренска едукациа (флаери, видео; презентацији, предавање и едуцирање на ромски јазик);<br>- Вклучување на невладини организации кои постојат во Куманово; | - Неприфаќање и не одење на предавања/едукации од страна на целната група;<br>- Избегнување на обврски за здравствена заштита од страна на целната група;<br>- Манипулација со здравствени работници – не пријавување на број на членови, погрешна адреса; |

***Култура***

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Во Куманово постојат и се организираат:<br>- Рома труба фест;<br>- Денови на комедија (театар);<br>- Театарски фестивал;<br>- Има повеќе активни ромски НВО; | - Нема група/оркестар на трубачи;<br>- Театар има ама нема глумци;<br>- Играорна секција постои ама не е во функција поради отсуство на финансии; |

| | |
|---|---|
| | - Немање капацитет на локално ниво (кореографи, режисери);<br>- Дистанцирање од ромски манифестации кај дел од администрацијата; |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Фондови од Министерство за Култура;<br>- Фондови од ЕУ за поддршка на културата; | - Другите општини имаат поорганизиран пристап во обезбедување на фондови за културни манифестации<br>- Ниска свесност кај мнозинството Роми за потребата од зачувување и промоција на ромската култура; |

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### Домување

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:*** **Создадени предуслови за урбани населени места на ромското население во Општината Куманово**

***Програмска цел 1.1.*** Проценка на состојбите за домување во населбите Средорек и Бавчи

***Програмска цел 1.2.*** Креирање на урбанистичка документација која ќе овозможи создавање на урбани населби во кои доминира Ромската популација

***Програмска цел 1.3.*** Креирани услови за дислокација во нови локации

***Програмска цел 1.4*** Воспоставување на систем за собирање на цврстиот конунален отпад во населби во кои доминира Ромската популација

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:*** **Подобрена комунална инфраструктура (водовод, канализација , електроинсталација и пат) во населбите каде тоа е потребно**

